Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 17.06.2024

На 16.06.2024 во Битола, полициски службеници од СВР Битола лишиле од слобода малолетник од Битола. При петрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. Малолетникот бил приведен во Полициската станица Битола и по документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 16.06.2024, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле од слобода М.Ј.(45) од Куманово. Околу 10.30 часот на локален пат од с.Сопот кон с.Сушево бил извршен преглед на возилото „шевролет авео" со кумановски регистарски ознаки, кое го управувал М.Ј., при што биле пронајдени две лица мигранти од Република Турција. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на викендот (14/15/16.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола изречени се вкупно 198 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 84 санкции, 13 мерки за возење под дејство на алкохол, 29 мерки за возење без возачка дозвола, изречени 13 мерки за непрописно паркирани возила, 17 мерки за некористење на заштитна кацига -шлем...

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (16.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 54 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола девет санкции, шест санкции за управување под дејство на алкохол, четири мерки за некористење на сигурносен појас, три санкции за користење на мобилен телефон при возење...

На 16.06.2024 во 17.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат на влез кон с.Мерово, тетовско, патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.А.(75) од с.Мерово, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возочот и сопатникот К.А.(69) од с.Мерово, констатирани во Клинички центар Тетово. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 16.06.2024 во 14.45 часот во СВР Велес било пријавено дека на регионалниот пат Велес – Градско, патничко возило „фолксваген поло" со велешки регистарски ознаки, управувано од К.Г.(29) од Велес, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот К.Г., а неговиот сопатник Б.Е.(27) од Велес се здобил со телесни повреди, констатирани во Општа болница Велес. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 16.06.2024 во 16.27 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Новаци – Македонски Брод мотоцикл без регистарски ознаки, управуван од Љ.К.(67) од с.Тепавци, општина Новаци, излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничка болница Битола. Извршен бил од увидна екипа од СВР Битола.

На 16.06.2024 во 17.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Рибник" во Штип патничко возило „опел" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Ј.(47) од с.Визбегово, скопско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил од увидна екипа од СВР Штип.

На 16.06.2024 во 18.15 часот во Полициската станица Центар, В.С.(58) од Скопје пријавил дека на плоштад „Македонија" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 16.06.2024 во 23.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Тодор Паница" во Скопје, М.Т.(18) од с.Сопотница, демирхисарско, била касната од куче.

На 15/16.06.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. За време на контролата биле санкционирани 9 прекршоци. На 16.06.2024 била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа санкционирани биле 11 прекршоци од кои, 10 надвор од населено место и 1 во населено место. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци.

На 17.06.2024 во 00.10 часот во Струмица, полициски службеници од Полициската станица Струмица го лишиле од слобода Е.М.(37) од Струмица. Тој се сомничи дека на 16.06.2024 околу 21.00 часот со тројца малолетници физички ги нападнале Е.И.(23) и неговата сопруга во нивниот дом, при што Е.М. со остар предмет му нанел повреда на Е.И.. Тој бил задржан во Полициската станица Струмица и за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.06.2024 во 20.30 часот во СВР Скопје, Р.К.(75) од с.Стајковци, скопско, пријавила дека околу 09.00 часот во нејзиниот имот паднало заталкано зрно од оружје и оштетило ќерамида. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.06.2024 околу 22.10 часот во с.Варвара, општина Сопиште, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода Р.А(26) од с.Малчиште, општина Студеничани. Околу 20.00 часот на патот кон Марков манастир тој не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници, по што со возило „фолксваген венто" без регистарски ознаки се обидел да удри полициски службеник, а по преземени мерки тој бил пронајден и лишен од слобода. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.06.2024 во 18.05 часот, полициски службеници од Полициската станица Чаир ги привеле С.А.(45) и Д.А.(43), двајцата од Скопје, затоа што во нас.Радишани го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (17.06.2024) во 02.40 часот, полициски службеници од Полициската станица Драчево го привеле Л.Р.Ј.(23) од Скопје затоа што во нас.Драчево агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.06.2024 во 19.20 часот во СВР Скопје, Н.Ј.(35) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2024 во 11.40 часот во ОВР Кичево, М.П.(38) од селото Велмевци, општина Демир Хисар, пријавила дека на булеварот „Ослободување" во Кичево била касната од куче скитник.

На 16.06.2024 во 11.50 часот во СВР Велес, Ј.К (48) од Република Србија пријавила дека на ул.„8 Март" во Велес, нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 16.06.2024 во 12.30 часот во СВР Велес, И.К.(35) пријавил дека во Велес бил каснат од куче скитник.

На 16.06.2024 во 23.00 часот во СВР Велес, Ш.А.(41) од с.Долно Јаболчиште, општина Чашка, пријавила дека нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Одделението за внатрешни Прилеп поднесе кривична пријава против И.Ц.(26) и Б.М.(28), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанци". На 03.12.2023, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило во кое биле пријавените, при што кај второпријавениот пронашле и одзеле марихуана, која претходно ја набавил од првопријавениот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.Л.(27) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 27.09.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и метамфетамин.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет